**20232624548**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ФРАНЦУСКАТА АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ И РАЗВОЈНАТА БАНКА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ, ЗА ЗАЕМ НА РАЗВОЈНАТА БАНКА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗЕЛЕНИ И ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНИ ИНВЕСТИЦИИ

Се прогласува Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем кој ќе се склучи меѓу Француската агенција за развој и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, за заем на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за финансирање на зелени и општествено одговорни инвестиции,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 11 декември 2023 година.

Бр. 08-6404/1
11 декември 2023 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ФРАНЦУСКАТА АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ И РАЗВОЈНАТА БАНКА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ, ЗА ЗАЕМ НА РАЗВОЈНАТА БАНКА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗЕЛЕНИ И ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНИ ИНВЕСТИЦИИ

Член 1

Република Северна Македонија го гарантира исполнувањето на обврските од Договорот за заем, кој ќе се склучи меѓу Француската агенција за развој и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, за заем на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје во износ од 50.000.000 евра за финансирање на зелени и општествено одговорни инвестиции, доколку Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје не ги исполнува и сервисира обврските во рокови и услови предвидени во Договорот за заем.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон се утврдуваат со Договорот за заем кој ќе се склучи меѓу Француската агенција за развој и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, за заем на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за финансирање на зелени и општествено одговорни инвестиции.

Член 3

Сите финансиски обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од членот 2 од овој закон ќе ги сервисира Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје.

Член 4

Заемот од членот 1 од овој закон ќе се повлекува во најмногу 10 транши. Минималниот износ на траншата изнесува 3.000.000 евра.

Рокот за отплата на заемот е 15 години со вклучен грејс период од шест години од денот на потпишувањето на Договорот за заем од членот 2 од овој закон.

Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје ќе ѝ плати на Француската агенција за развој еднократна провизија во висина од 0,4% од вкупниот износ на заемот во рок од 30 дена од денот на потпишувањето на Договорот за заем.

Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје ќе ѝ плаќа на Француската агенција за развој провизија за неповлечени средства од заемот на годишно ниво на следниов начин:

а) од денот на потпишувањето на Договорот за заем до истекот на втората година од денот на неговото потпишување, Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје ќе биде ослободена од плаќање на провизија за неповлечени средства од заемот;

б) по истекот на втората година од денот на потпишувањето на Договорот за заем до истекот на третата година од денот на неговото потпишување, Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје ќе ѝ плаќа на Француската агенција за развој провизија за неповлечени средства од заемот во висина од 0,15% на годишно ниво и

в) по истекот на третата година од денот на потпишувањето на Договорот за заем до денот на повлекувањето на последната транша од заемот, Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје ќе ѝ плаќа на Француската агенција за развој провизија за неповлечени средства од заемот во висина од 0,25% на годишно ниво.

Член 5

Каматната стапка ќе се одредува за секоја транша од заемот одделно, согласно со Договорот за заем.

Член 6

За регулирање на меѓусебните права и обврски, кои произлегуваат од Договорот за заем и Договорот за гаранција, Министерството за финансии и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје ќе склучат посебен договор.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.